**20091192284**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Врз основа на член 34 став 6 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08), министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИТЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА СУПСТАНЦИИ И РАСТЕНИЈА КЛАСИФИЦИРАНИ ВО ЛИСТИТЕ II И III, КАКО И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за издавање на дозволите, формата и содржината на дозволите за производство и промет на супстанции и растенија класифицирани во листите II и III, како и начинот на нивното издавање.

Член 2

За формата и содржината на барањето и дозволата за производство и промет на супстанции и растенија класифицирани во листите II и III од меѓународните конвенции за опојни дроги и психотропни супстанции се применуваат одредбите од:

Правилникот за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат изработка на галенски лекови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/09);

Правилникот за содржината на барањето, документацијата и поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот за добивање одобрение за производство на лекови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 151/08);

Правилникот за содржината на барањето и поблиските услови по однос на просторот,опремата и кадарот за добивање одобрение за промет на големо со лекови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 151/08).

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Министер,
д-р **Бујар Османи**, с.р.